# О П Ш Т И Н А   Б Е Р О В О

„Димитар Влахов“ бр.10 тел/факс. + 389 (0)33 471 057
2330 Берово + 389 (0)33 471 057
www.berovo.gov.mk E-mail: so.berovo@t.mk


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина БЕРОВО
**20-3608/1 од 04.11.2024 г.**
Б е р о в о

Врз основа на член 50, став 11 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр, 32/20 и 111/23), член 22, став 1, точка 12 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), и член 61 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово, донесе:

## *О Д Л У К А*

***за организирање на втора Јавна анкета и Јавна презентација,***
*по Предлог:* ***Измена и дополна на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, за Туристичка Населба „БЕРОВСКО ЕЗЕРО“ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2, со плански опфат помеѓу : ул. „Новопланирана 10“, ул. „Новопланирана 11“, и ул. „Новопланирана 12“, Општина БЕРОВО, 2021- 2026***

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира, Втора Јавна анкета и Јавна презентација по Предлог: Измена и дополна на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, за Туристичка Населба „БЕРОВСКО ЕЗЕРО“ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2, со плански опфат помеѓу : ул. „Новопланирана 10“, ул. „Новопланирана 11“, и ул. „Новопланирана 12“, Општина БЕРОВО, изработен со тех.бр. У-07/21 од Септември 2024, од страна на „УРБАН ГИС“ - Д.О.О. Куманово.

**Член 2**

Постапката за Втората Јавна анкета и Јавна презентација ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапката, формирана со Решение од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

**Член 3**

Соопштението за организирање на втората Јавна анкета и Јавна презентација по изработката на Измена и дополна на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, за Туристичка Населба „БЕРОВСКО ЕЗЕРО“ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2, со плански опфат помеѓу : ул. „Новопланирана 10“, ул. „Новопланирана 11“, и ул. „Новопланирана 12“, Општина Берово, со тех.бр. У-07/21 од Септември 2024, изработен од „УРБАН ГИС“ - Д.О.О. Куманово, започнува со доставување повик до учесниците преку информацискиот систем Е-урбанизам, и преку службената веб страна на општината, истовремено и писмена форма со излагање на повикот на огласна табла во просториите на Општина Берово.

**Член 4**

Втората Јавна анкета за Измена и дополнување на УПВНМ за туристичка населба “БЕРОВСКО ЕЗЕРО”, Општина Берово, ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, т.е. од 22.11.2024 год. до 06.12.2024 год, секој работен ден од 7,30 до 15,30 часот, со излагање на Предлог планот на огласна табла и во просториите на Општина Берово.

Втората Јавна анкета истовремено се спроведува и во електронска и во писмена форма.

**О П Ш Т И Н А   Б Е Р О В О**

**„Димитар Влахов“ бр.10** **тел/факс. + 389 (0)33 471 057**
**2330 Берово** **+ 389 (0)33 471 057**
**www.berovo.gov.mk** E-mail: **so.berovo@t.mk**


Во рамките на времетраењето на Втората јавна анкета ќе се организира и Втора Јавна Презентација која ќе се одржи на ден 02.12.2024 год, (Понеделник) во 13,00 часот во просториите на Општина Берово – Мала сала.

**Член 5**

Заинтересираните физички и правни лица - Учесници во Втората јавна анкета можат своите забелешки и предлози по нацрт предлог планот, да ги доставуваат на донесувачот во писмена форма преку анкетни листови, преку информацискиот систем Е-урбанизам, како и по електронски пат до веб адресата на донесувачот.

**Член 6**

По спроведувањето и завршувањето на Втората јавна анкета и јавна презентација, во рок од 10 дена се изработи Извештај од спроведена Јавна анкета и презентација, со образложение за прифатените и неприфатените забелешки за урбанистичкиот план, од страна на стручна комисија формирана од донесувачот на планот.

**Член 7**

Комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена пред доставување на предлог планот за Согласност до Министерството за транспорт и врски, да го извести секој учесник во јавната анкета што поднел анкетен лист за содржината на извештајот од јавната анкета, со образложение за прифаќање или неприфаќање на неговите забелешки или предлози, при што лицата кои поднеле анкетен лист во електронска форма се известуваат преку информацискиот систем е-урбанизам или по електронска пошта, а лицата кои поднеле анкетен лист во хартиена форма се известуваат по писмен пат.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БЕРОВО *